Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 09-24/4
11. 02. 2022 год
Новаци

**ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република С. Македонија**
**тел/фах 047-203-060; e-mail- novacio@T.mk**

Градоначалникот на општина Новаци, решавајќи по барањето на ИН- ПУМА Институт за урбанизам , сообраќај и екологија, од Скопје, поднесено во име на општина Новаци под бр. 09-24/1 од 11.01.2022, за одобрување на планска програма , врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанисичко планирање (Сл . весник на РСМ бр. 32/20) , го издава следното :

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 –лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија , КО Новаци –вон град, Општина Новаци со тех. Бр. 85/2021 од јануари 2022 година, изработена од страна на ИН ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија од Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ИН ПУМА Институт за урбанизам,сообраќај и екологија од Скопје, врз основа на Договор за јавна набавка на услуги со бр. 05-864/8 од 08.11.2018 година склучен со општина Новаци , поднесе барање под бр. 09- 24/1 од 11.01.2022 за одобрување на планска програма за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2 –лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија , КО Новаци –вон град, Општина Новаци со тех. Бр. 85/2021 од јануари 2022 година,

Со барањето ја приложи следната документација :

- Барање за одобрување Предлог планска програма
- Планска програма со тех. Бр. 85/2021
- Граафички прилог со исцртан плански опфат на ажурирана геодетска подлога
- Услови за планирање на просторот издадени од Агенцијата за планирање на просторот У 15318 од Ноември 2019 година
- Известување за потврдување на на Услови за планирање со бр. 15-5625/2021 од 09.12.2021 од Агенција за планирање на просторот
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени –ажурирана геодетска подлога со дел. бр. 08-332/3 од 10.01.2022 година изработен од Гео Јис ДОО Битола

- Одлука за отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци вон град донесена од Совет на општина Новаци со бр. 14-95/12 од 31.01.2022 година
- Записник за прифаќање на Планската програма со бр. 09-24/3 од 10.02.2022 година

Комисијата за урбанизам при општина Новаци, формирана од Градоначалникот на општина Новаци , со Решение бр. 08- 27/1 од 12.01.2022 година , по разгледувањето на приложената документација , со записник бр. 09-24/1 од 08.02.2022 година, констатира дека барањето е основано и Планската програма може да се одобри.

Градоначалникот на општина Новаци, по извршениот увид на доставената документација и предлогот на Комисијата за урбанизам , констатира дека барањето е основано и се исполнети условите за одобрување на Планска Програма со тех. Бр. 85/2021 од Јануари 2022 година, и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РМ бр. 225/2020) и од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020).

Врз основа на гореизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:**

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Република Северна Македонија Општина Новаци Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски